Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО - ОХРИД

University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
FACULTY OF TOURISM AND HOSPITALITY OHRID

Врз основа на чл. 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.82 од 08.05.2018 година), и Наставно-научниот совет на седницата одржана на 04.09.2018 година ја донесе следната

# **О Д Л У К А**
## **за избор на наставник**

**Д-р Ирина Јолдеска** се избира за **наставник** од научните области 50328 Сметководство и 50329 Друго, во звањето **доцент,** на Факултет за туризам и угостителство – Охрид.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Факултет за туризам и угостителство – Охрид во весниците “Нова Македонија” и “Коха” на 08.06.2018 година распиша конкурс за избор на наставник од научните области 50318 Економика на туризам и угостителство, 50328 Сметководство и 50329 Друго.

На конкурсот се пријави кандидатот д-р Ирина Јолдеска.

Во согласност со чл.173 од Законот за високото образование, Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и угостителство – Охрид, именува рецензиона комисија во состав:

1. Проф. Д-р Деса Косаркоска,
2. Проф. Д-р Пеце Николовски,
3. Проф. Д-р Татјана Димоска.

Рецензионата комисија достави реферат со заклучок и предлог за кандидатот д-р Ирина Јолдеска.

Рефератот беше објавен во “Билтен”бр. 443, на Универзитет “Свети Климент Охридски” – Битола од 02.07.2018 година.

Деканот во согласност со Законот, Статутот на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид и Спогодбата за усогласување на условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, соработнички и стручни звања на Универзитетот “Свети Климент Охридски”-Битола, констатира дека се исполнети условите за избор на наставник, по предлог на Рецензентската комисија.

Наставно-научниот совет на седницата одржана на 04.09.2018 година откако ја разгледа доставената документација од кандидатот, по објавениот конкурс, сите предлози и трудови по предлог на Рецензентската комисија, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02- 382/3-3**
**04.09.2018год.**

**Изготвил:**
**Марјан Кузмановски**

**Декан**
**Проф. д-р Цветко Андреески**